Република Македонија
Министерство за финансии

Бр. 13-5951/1 19 -06- 2017

ДО: Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија
ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат.1 лок.132/133
Скопје

Скопје___.06.2017 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255-359
Факс:++
Е-пошта:
marina.stanojkova@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

На веб страницата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, објавена е Одлуката за донесување на акт за висина на минимални трошоци за вршење на книговодствени работи и надоместок за сметководствени услуги бр.02/01-105 од 19.05.2017 година, донесена од страна на Собранието на Институтот. Со Одлуката се утврдува висината на надоместоците што давателите на сметководствени услуги треба да ги наплатуваат од корисниците на услугите. Одлуката е донесена врз основа на член 7 од Законот за вршење на сметководствени работи и член 31 точка 14 од Статутот на Институтот.

Во врска со донесената Одлука укажуваме на следното:

Во членот 7 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на РМ" бр. 95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16 и 190/16) и во членот 19 од Статутот на Институтот, точно се утврдени надлежностите на Собранието на Институтот. Согласно Законот и Статутот, Собранието нема надлежност да ја утврдува висината на минималните трошоци на сметководствените услуги.

Во членот 31 точка 14 од Статутот на Институтот, утврдена е надлежност на управниот одбор на Институтот, да ги утврдува критериумите за утврдување на цената на услугите.

Според цитираните законски и статутарни одредби, собранието на Институтот нема законски основ за донесување на Одлуката, поради што, потребно е Институтот да ја стави вон сила донесената одлука.

При ова укажуваме, доколку управниот одбор на Институтот пристапи кон донесување на акт согласно член 31 точка 14 од Статутот, со истиот ќе треба да ги утврди само критериуми за утврдување на цената на сметководствените услуги, а не и висината на надоместокот за тие услуги.

Со почит,

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Изработил: Марина Станојкова-Арсовски
Контролирал: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска